**20252504876**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 15 од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија” бр. 7/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 150/21), а во врска со член 112 од Законот за рибарство и аквакултура (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 64/24 и 160/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 11 декември 2025 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО РИБАРСТВОТО И АКВАКУЛТУРАТА ЗА 2025 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 27/25 и 157/25) во делот I воведната реченица се менува и гласи:

„Средствата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2025 година во вкупен износ од 77.799.046,00денари, обезбедени согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 254/24 и 151/25) Раздел 14004 – Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (во натамошниот текст: Агенцијата), Потпрограма 20 – Финансиска поддршка во земјоделството, Ставка 464 - Разни трансфери во износ од 50.799.046,00 денари и Потпрограма 2А-Финансиска поддршка на рурален развој, Ставка 489 - Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации во износ од 27.000.000,00 денари, ќе се користат според намените, критериумите и условите утврдени со оваа програма и тоа за:“.

Во табелата во точката 1 износот „12.500.000,00“ се заменува со износот „10.002.000,00“.

Во точката 5 износот „35.140.176,00“ се заменува со износот „30.138.176,00“.

Во „Вкупно“ износот „85.299.046,00“ се заменува со износот „77.799.046,00“.

II

Во делот II став (1) во воведната реченица износот „12.500.000,00“ се заменува со износот „10.002.000,00“.

Во табелата во потточката 1.5. износот „2.000.000,00“ се заменува со износот „1.000,00“.

Во потточката 1.7. износот „500.000,00“ се заменува со износот „1.000,00“.

Во „Вкупно“ износот „12.500.000,00“ се заменува со износот „10.002.000,00“.

III

Во делот VI износот „35.140.176,00“ се заменува со износот „30.138.176,00“.

IV

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-11215/4
11 декември 2025 година
Скопје

Претседател на Комисијата
и заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.